Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 март 2022 година

Скопје, март 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 март 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:05 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазар на топлинска енергија, начинот на снабдување со топлинска енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на дејности на пазарот на топлинска енергија

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазар на топлинска енергија, начинот на снабдување со топлинска енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на дејности на пазарот на топлинска енергија, во предложениот текст.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

Владата заклучи да се формира Советодавна комисија составена од претставници од еден претставник од министерството надлежно за работите од областа на енергетиката именуван на предлог на министерот, од редот на именувани функционери, еден претставник од министерството за финансии, именуван на предлог на министерот, од редот на именувани функционери, директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви-МАКОРА, претседателот на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, по еден претставник од два енергетски субјекти со најголем удел на пазарот на нафтени деривати во големопродажба во Република Северна Македонија, на ниво на членови на управата или извршни директори, именувани на предлог на министерот надлежен за работите од областа на енергетиката и по еден претставник од два најголеми потрошувачи на нафтени деривати во земјата од секторот индустрија, на ниво на членови на управата или извршни директори, именувани на предлог на стопанските комори.

За ова, се задолжуваат министерот за економија и министерот за финансии, а се препорачува на Стопанската комора на Северна Македонија ВЕДНАШ до Министерството за економија да номинираат претставници за Советодавната комисија.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**